Република Северна Македонија
Republika e Maqedonise së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
INSTITUCIONI NACIONAL
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS
Бр. / Nr. 02-522/1
06.05. 26 год./viti
Скопје / Shkup

Врз основа на член 21 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19, 14/20 и 208/24), член 77-ж од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24 и 132/25), член 13 став (2) алинеја 7 од Статутот на Македонски народен театар - Скопје, согласно Записникот од спроведена административна селекција бр.02-509/1 од 05.05.2026 година и Записникот од спроведено интервју бр.02-519/1 од 06.05.2026 година од Комисијата за спроведување на постапка за селекција и вработување бр.04-480/1 од 29.04.2026 година и Предлог – Одлука за избор на кандидати за вработување со бр.02-520/1 од 06.05.2026 година, директорот на НУ Македонски народен театар – Скопје ја донесе следната:

О Д Л У К А
за избор на кандидати за вработување по јавен оглас 04-427/1

По спроведената административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени за јавниот оглас за вработување на 6 (шест) извршители, помошно-технички лица на неопределено време и тоа: **Декоратер** (КУЛ 04 01 А03 006) - 1 извршител, **Гардеробер – гардеробер за театарски костими** (КУЛ 04 05 В01 004) - 3 извршители, **Фризер** (КУЛ 04 05 Б01 004) - 1 извршител и **Друг работник на сценско-визуелни ефекти** (КУЛ 04 05 А01 009) – 1 извршител, како и по спроведеното интервју со пријавените кандидати и бодувањето согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за пополнување на работно место во Националната установа „Македонски народен театар“ – Скопје преку вработување и на Пријавата за вработување како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас за вработување на помошно-технички лица во НУ Македонски народен театар Скопје бр.02-475/3 од 23.05.2025 година, директорот донесе Одлука за вработување на следните лица:

- **Синан Ракиповски –** за работно место Декоратер
- **Билјана Ацковска –** за работно место Гардеробер – гардеробер за театарски костими
- **Матеј Петровски –** за работно место Гардеробер – гардеробер за театарски костими
- **Миле Костадиновски –** за работно место Гардеробер – гардеробер за театарски костими
- **Лора Спасовска –** за работно место Фризер
- **Александар Ацески –** за работно место Друг работник на сценско-визуелни ефекти

Одлуката стапува на сила од денот на нејзиното донесување.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), одредбите од Правилникот за задолжителни елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.242/24), Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за пополнување на работно место во Националната установа „Македонски народен театар“ – Скопје преку вработување и на Пријавата за вработување како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас за вработување на помошно-технички лица во НУ Македонски народен театар Скопје бр.02-475/3 од 23.05.2025 година и Известувањето од Министерството за финансии на Република Северна Македонија за обезбедени финансиски средства број 19-2719/2 од 22.04.2026 година, Националната установа „Македонски народен театар“ – Скопје на ден 27.04.2026 година објави јавен оглас во дневните весници „Вечер“ и „Нова Македонија“ на македонски јазик и „Коха“ на албански јазик за вработување на шест (6) лица помошно – технички лица на неопределено време за следните работни места: **Декоратер** (КУЛ 04 01 А03 006) - 1 извршител, **Гардеробер – гардеробер за театарски костими** (КУЛ 04 05 В01 004) - 3 извршители, **Фризер** (КУЛ 04 05 Б01 004) - 1 извршител и **Друг работник на сценско-визуелни ефекти** (КУЛ 04 05 А01 009) – 1 извршител на неопределено време. По спроведената постапка за вработување, административната селекција и проверка на веродостојноста на доказите, интервјуто спроведено од Комисијата за селекција во постапка за вработување именувана од Директорот на НУ Македонски народен театар Скопје бр.04-480/1 од 28.04.2026 година, Записникот од спроведена административна селекција бр.02-509/1 од 05.05.2026 година, Записникот од спроведено интервју бр.02-519/1 од 06.05.2026 година и Предлог – Одлуката за избор на кандидати за вработување со бр.02-520/1 од 06.05.2026 година, имајќи го предвид горенаведеното, директорот одлучи како во дизпозитивот на оваа Одлука.

Правна поука: Секој незадоволен кандидат има право во рок од осум дена од приемот на Одлуката да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ„Македонски народен театар“ - Скопје

НУ „Македонски народен театар“ Скопје
Директор
Никола Кимовски